# Кодекс и етика на однесување Политика за интерни истраги за етика

ETHICS & LEGAL COMPLIANCE |

ISSUED: September 21, 2021 – REVISED: April 3, 2024

## ВОВЕД

Оваа политика опишува како се решаваат пријавите за етичка и правна усогласеност во Magna International Inc. и сите нејзини работни групации, оддели, заеднички вложувања и други операции на глобално ниво (заедно, „Magna“). Оваа политика се однесува на сите лица кои имаат деловен однос со Magna или кои делуваат во име на Magna, вклучително со вработените, независните претприемачи, службениците, директорите, доставувачите, консултантите и агентите (заедно, „Лица на Magna“).

## ПРИМЕНА

Оваа политика важи за примени пријави за етичка и правна усогласеност. Политиката не важи за пријавени потенцијални прекршувања на договорот на вработени на Magna или други правни прашања од типот на човечки ресурси или здравје, безбедност и животна средина што обично се истражуваат во согласност со локалните закони и практики.

Во случај на конфликт помеѓу оваа политика и некој важечки закон, барањата на законот ќе имаат предност.

## ПОСВЕТЕНОСТ

Magna е посветена да дејствува искрено и со интегритет во сите деловни зделки. Затоа, сите Лица на Magna треба да се ***изјаснат*** навремено и да пријават потенцијални прекршоци на Кодексот и етиката на однесување („Кодексот“) или политиките што се поврзани со Кодексот. Видете подолу за повеќе информации за достапните канали за пријавување.

Magna сериозно ги сфаќа пријавите и е посветена да го истражи и поправи секое лошо однесување идентификувано од истражителите на навремен, фер и доследен начин.

Magna е посветена и на поддршката на култура во којашто може да се покрене такво сомнение без страв од одмаздување. Од таа причина, Политиката против одмаздување на Magna забранува одмаздување против некој кој искрено и со добра намера ќе покрене сомнение. Напорите да се обесхрабри или спречи некој да покрене сомнение нема да се толерираат, а секоја одмазда ќе се смета како сериозно прашање и може да се санкционира со дисциплинска постапка до максимум и вклучително со прекин на вработувањето.

## ОДГОВОРНОСТИ НА ЛИЦАТА НА MAGNA

Лицата на Magna треба навремено да ги пријавуваат сите сомненија за прекршоци поврзани со етиката или правната усогласеност преку еден од различните канали за пријавување разгледани подолу. Пријавите треба да вклучуваат што е можно повеќе информации за сомнението, вклучувајќи детален опис на однесувањето, локацијата, датумот и времето на однесувањето (вклучувајќи и дали сè уште трае); дали се очекува да има физичка повреда, закани по безбедноста или сигурноста[1] или друга причина за итно дејство; идентитетите на сведоците или други инволвирани лица; и изворите на информации, документи или докази што може да помогнат да напредува истрагата на Magna. Пријавувачите треба да одговараат навремено на секое барање за дополнителни информации и докази (доколку има) што ќе го поткрепат нивното тврдење. Доколку не се

[1] Во случај на таква итност, Magna ги поттикнува нејзините вработени, независни претприемачи, службеници, директори, доставувачи и агенти да контактираат со локалните служби за итни случаи (како, на пример, да се јават на 192, каде што е достапно).

обезбеди навремена соработка или не се одговори на истражните барања, тоа може да резултира со затворање на истражното досие.

Лицата на Magna треба и да соработуваат со истражителите за наводните прекршоци, кога ќе биде побарано. Доколку вработениот одбие да даде целосна или навремена соработка со истражителите на Magna или доколку се обиде да ја попречи или саботира истрагата, тоа може да резултира со дисциплинска постапка, до максимум и вклучително со отказ. Одбивањето да се соработува од страна на независен претприемач, доставувач или агент може да резултира со прекин на нивната комерцијална врска со Magna.

## КАНАЛИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

Лицата на Magna треба да ги пријавуваат сомненијата за прекршоци интерно и има различни достапни канали за пријавување. Линијата за помош на Magna е еден таков канал што им дозволува на Лицата на Magna доверливо и анонимно да пријават сомненија за прекршоци на политиките на Magna без страв од одмазда. Сомненија може да се пријават и преку други канали, вклучително и преки пријави на вработените кај нивните надредени и/или членови на менаџментот на Magna во одделот, групацијата или на корпоративно ниво (т.е. Процесот „Отворена врата“ на Magna) или пријави директно во внатрешната контрола на Magna, правниот оддел, човечките ресурси или одделот за етичка и правна усогласеност.

Во некои земји, сомненијата може да се пријавуваат екстерно преку механизмот за пријавување на владина или регулаторна агенција. Ништо во оваа политика не ве спречува да го користите механизмот за пријавување на владина или регулаторна агенција онаму каде што е дозволено со закон во вашата земја на живеење.

## ПРИВАТНОСТ, ДОВЕРЛИВОСТ, ИМУНИТЕТ И АНОНИМНОСТ

Доверливоста и анонимноста на пријавувачите и заштитата на нивните идентитети, ако се познати (како и идентитетите на други лица кои се инволвирани во истрагата), е висок приоритет. Доверливоста и анонимноста ќе се почитуваат, освен ако не е неопходно поинаку согласно важечките законски барања.[2] Исто така, личните податоци на пријавувачите и другите индивидуи во истражниот процес ќе се обработуваат во согласност со важечкиот закон и нашите интерни политики, постапки и упатства за приватност на податоците.

Magna има силен интерес за одржување на доверливоста на истражниот процес и поврзаните комуникации (без разлика дали се вербални или на писмено, електронски или поинаку) до степен што компанијата смета дека е соодветен и дозволен со закон. Ова вклучува доверливост на комуникациите што се подложни на законски имунитет или друг имунитет (и затоа, се заштитени од откривање во правни постапки). Magna очекува сите лица инволвирани во истрагите да ги имаат предвид доверливоста и имунитетот кога станува збор за истрага поврзана со комуникации.

Само вработените или агентите кои се конкретно овластени од Magna да зборуваат во име на компанијата смеат да комуницираат со трети лица за истражниот процес. Оваа политика не ги спречува вработените да зборуваат со владини или регулаторни агенции во сопствено лице.

## НАДЗОР И ПРИЈАВУВАЊЕ

Советот за усогласеност со законска регулатива на Magna („MCC“ - Magna Compliance Council) ги надгледува сите аспекти на програмата за етичка и правна усогласеност. MCC го овласти Комитетот за надзор на истраги („IOC“ - Investigations Oversight Committee) да ги надгледува истрагите за етичка и правна усогласеност. IOC е составен од лидери на Magna кои се состануваат и го известуваат MCC на тромесечна основа. IOC, со поддршка од посветени Администратори на истраги („Администратори“), раководат и го надгледуваат навременото, фер и доследно извршување, поправање и интерно пријавување на сите важечки интерни истраги во согласност со оваа политика и сите поврзани постапки или упатства.

Статистиката и информациите за истраги со висок ризик редовно се пријавуваат во Комитетот за ревизија на Одборот на директори на Magna International Inc. од страна на внатрешната контрола.

[2] Некои јурисдикции може да имаат ограничувања за користење анонимни системи за пријавување. Прашањата што се однесуваат на анонимната природа на системот за Линијата за помош на Magna или обврската на Magna да ги чува анонимни повиците на Линијата за помош на Magna треба да се препратат кај правниот советник на групацијата и/или на релевантниот регион. Страните што не се дел од Magna ќе мора да се идентификуваат себеси.

## ПОСТАПКА (ПРИЕМ НА СЛУЧАИ)

Пријавите поднесени преку Линијата за помош на Magna ги прима независна трета страна, а потоа се препраќаат кај Администраторите (кои започнуваат со документација на случајот и истражниот процес). Третата страна ги документира тврдењата во централна база на податоци и со тоа го започнува процесот опишан во оваа политика. Персоналот на третата страна е достапен 24 часа на ден, 365 дена во годината и комуницира на повеќе од 20 јазици.

Пријавите поднесени преку други канали треба да се препратат до Администраторите навремено, кои ги документираат тврдењата и со тоа го започнуваат истражниот процес опишан во оваа политика.

## НАЈДОБРИ ИСТРАЖНИ ПРАКТИКИ

Истрагите ги водат искусни членови на функционалните оддели во Magna, вклучително со внатрешната контрола, корпоративната безбедност, правниот оддел, одделот за операции или оперативната група на којашто се однесува пријавата. Функционалниот оддел на којшто му е доделено да ја води истрагата („Лидерот“) зависи од темата во прашање на пријавата и од сериозноста на тврдењата оценети за време на процената на случајот и тријажата од Администраторите. Magna може да користи и екстерни ресурси (на пример, надворешен правен советник) за поддршка на истражниот процес.

Лидерите се одговорни за планирање на истрагата, изведување на сите истражни чекори и интерното известување. Администраторите ги надгледуваат адекватноста и навременото извршување на сите истражни чекори. Повремено, IOC може да воспостави упатства за најдобри практики за изведување на истрагите во согласност со оваа политика.

Навременото завршување на истрагите и интерното известување за нивниот статус и наодите се клучни за да се овозможи менаџментот да определи кои чекори се неопходни (ако воопшто се неопходни) за решавање на поткрепените тврдења. Само назначениот персонал на Magna има пристап до информациите поврзани со случајот.

За време на истражниот процес, ќе има тековна комуникација со пријавувачот. Лидерите може да контактираат со пријавувачот за време на истражниот процес. Исто така, пријавувачите ќе бидат навремено известени за статусот на истрагата и кога таа ќе се затвори.

## КОРЕКТИВНИ ДЕЈСТВА

Кога тврдењата се поткрепени (целосно или делумно), менаџментот на Magna е одговорен за одредување и имплементација на корективни дејства за да се смени однесувањето и да се спречи идно слично однесување. Целта на корективните дејства е да се сопре несоодветното однесување и да се спречи негово повторување во иднина. Корективните дејства може да вклучуваат (без ограничување):

- имплементација, подобрување или поправање на внатрешните контроли;
- дисциплинирање, суспендирање или отпуштање на вработените;
- прекин на врските со клиентите;
- обука (или повторна обука) на персоналот;
- пријавување во полиција; или
- покренување правна постапка за отштета.

## ОДГОВОРНОСТИ НА МЕНАЏМЕНТОТ

Од членовите на менаџментот на Magna, исто како и од вработените, се очекува навремено да ги пријавуваат сите наводни инциденти на лошо однесување преку еден од различните канали за пријавување дискутирани погоре.

Секогаш кога е можно, менаџментот ќе биде редовно известуван за напредокот на истрагите. Сепак, персоналот кој е директно инволвиран во истрагата ќе нема пристап до деталите на случајот.

По завршувањето на некоја истрага, менаџментот ќе биде советуван за фактите „што треба да ги знае“ за да се овозможи спроведување на корективните дејства, особено во ситуации каде што може да се препорачува дисциплина на вработените или враќање финансиска загуба или каде што интерните политики, постапки или други контроли треба да се ревидираат или засилат.

## ЗА ПОНАТАМОШНИ ИНФОРМАЦИИ

За понатамошни информации, контактирајте со потпретседателот, одговорен службеник за усогласеност со законската регулатива за етика или потпретседателот, внатрешна контрола.

| | |
|---|---|
| Issued: | September 21, 2021 |
| Revised: | April 3, 2024 |
| Next Review: | Q1 2027 |
| Issued By: | Ethics & Legal Compliance |
| Approved By: | Magna Compliance Council |